Врз основа на член 34 и 38 од Статутот на Ракометната федерација на Македонија, Управниот Одбор на Ракометната федерација на Македонија на својата седница на ден 10. 11. 2004 година донесе измени и дополнувања на:

# РЕГИСТРАЦИОНЕН ПРАВИЛНИК

## ОПШТ ДЕЛ:

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и постапките за регистрација на ракометните организации и нивните членови, преминување на играчи од еден во друг клуб, правото на настап на првенствени и куп натпревари, постапка за заштита на правата, регистрација и нивно евидентирање.

### Член 2

Под задолжителна регистрација подлежат сите основни организации, здружени ракометни организации и нивни членови.

### Член 3

Регистрите утврдени и предвидени со овој Правилник претставуваат јавна книга, кои ги води надлежен регистрационен орган на Ракометната федерација на Македонија, (во понатамошен текст РФМ).

Регистрите се водат по начелото на јавност, задолжителност, точност и вистинитост.

Уписот во регистерот се врши врз основа на пријава со која се поднесуваат и потребни исправи во оригинал или оверен препис од страна на надлежен управен орган или суд.

### Член 4

Во смисол на претходниот член регистри се водат за:

- играчи;
- судии;
- делегати – контролори;
- тренери и останати лица во состав на екипите (претставници, технички раководители, лекари, физиотерапевти и други).

**Член 5**

За регистрација на ракометните организации, нивните членови плаќаат такса, чија висина ја одредува Управниот Одбор на РФМ.

**Член 6**

Основните ракометни организации и поединци, се должни да плаќаат членарина за секоја календарска година.

Висината на членарината секоја година ја одредува Управниот Одбор на РФМ.

**Член 7**

На задолжително регистрирање не подлежат ракометни екипи на работни организации, претпријатија, училишта, факултети, АРМ и Сојуз за телесно воспитување кога ќе се натпреваруваат во организираниот систем на натпреварување: училишни натпреварувања, работнички спортски игри и слични, кои се организираат заради популаризација и омасовување на ракометниот спорт.

## ВТОР ДЕЛ: РЕГИСТРАЦИЈА НА ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 8**

Регистрирање на основни организации - здружени ракометни организации се врши врз основа на пријава за регистрација, со која се приложува документацијата во актите:

1. Статут или општ договор за здружување;
2. Решение од основниот суд за извршена регистрација согласно Законот за спортот и Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник 31/98);
3. Записник од изборно собрание;
4. Пополнет образец со основни податоци на организацијата;
5. Решение од Агенција за млади и спорт за вршење дејност спорт
6. Такса за регистрација.

Пријавата со документите за регистрација може да се поднесува во текот на целата година.

## Член 9

Секоја ракометна организација е должна да пријави промена во организирањето.

Со пријавата за упис, промени во организирањето се поднесува и одлука за извршена промена на пополнет образец во кој се внесуваат податоци за извршената промена.

Рок за поднесување на пријава во смисол на претходниот став е 30 дена од денот на извршената промена.

## Член 10

Ако надлежниот регистрационен орган (комисија) утврди недостатоци во актите со пријавата или не се сите акти поднесени, должен е да му укаже на недостатоците и да му наложи да ги достави потребните акти или ги исправи недостатоците во нив, во рок од 30 дена. Ако подносителот на пријавата во дадениот рок тоа не го отстрани, ќе се смета дека нема поднесено пријава за регистрација.

## Член 11

Промена во организирањето на основните ракометни организации, може да се врши и во текот на натпреварувачката сезона ( додавки на име за спонзорирање ).

Спојување, припојување или други облици на здружување и организирање може да се врши само по завршување на натпреварувачката сезона.

## Член 12

Регистрација на Здружение на судии, контролори и тренери врши Основниот суд. Здуженијата на судиите, контролорите и тренерите ги поднесуваат со пријавата сите акти донесени на изборното собрание: записник од изборното собрание, Статут и пополнет образец.

## Член 13

Регистрациониот орган е должен да издаде извод од регистерот.

## ТРЕТ ДЕЛ - РЕГИСТРАЦИЈА НА РАКОМЕТАРИ

### Член 14

Регистрацијата на ракометарите ќе ја врши надлежен орган на Ракометната федерација на Македонија.

### Член 15

**1. Основни принципи**

Сите ракометари - ки се подложни на Правилникот за право на настап на Ракометната федерација на Македонија.

**2. Статус на играчите**

Играчите во Ракометна федерација на Македонија го имаат статусот на:

а)играчи без договор;

б)играчи со договор;

в)професионални играчи;

**а) Играчи без договор**

**а.1.** Играчи кои немаат писмен договор со нивниот клуб и кои не добиваат надокнада над вообичаените трошоци за учество во натпреварите, се нарекуваат играчи без договор.

**а.2.** Вообичаените трошоци кои можат да ги добиваат сите играчи без да влијае на нивниот играчки статус се состојат од трошоци за превоз и сместување, спортска опрема, осигурување и учество на тренинзите.

**б) Играчи со договор**

**б.1.** Играчите кои добиваат повеќе од надоместот споменат во член 15 точка 2 ( а ) мора да имаат писмен договор со нивниот клуб. Тие играчи се нарекуваат играчи со договор.

**б.2.** До 31 декември секоја година РФМ треба да направи главна регистрациона книга под своја јурисдикција со имињата на играчите со договор.

**б.3.** РФМ треба да испрати список од сите играчи со договор до ЕХФ , најдоцна до 28. 02. секоја година.

**б.4.** Може да се направи и подоцнежна регистрација во кој случај новата состојба се озваничува 60 дена по приемот на списокот од страна на РФМ.

**б.5.** Сите играчи кои се означени како играчи со договор со клубот мора да имаат писмен договор во клубот и РФМ.

**б.6.** Договорите треба да ги содржат обврските на двете страни и ќе важат за одреден период кој не е пократок од 6 месеци.

**<u>в) Професионални играчи</u>**

**в.1.** Професионалните играчи се играчи чија професија е играње на ракомет.

**в.2.** За професионалните играчи важат сите одредби од член 15 став ( **б** ).

## Член 16

**РФМ може да одбие да даде меѓународен сертификат ако:**

- Играчот што сака да ја напушти националната федерација не ги исполнил своите обврски од договорот со својот сегашен - поранешен клуб.
- Ако постојат материјални причини кои се однесуваат на трансферот меѓу клубот што го ослободува и клубот на друг сојуз - федерација со кој играчот има намера да склучи или веќе склучил договор.

**<u>Причини кои се сметаат за материјални:</u>**

- Несогласување во врска со сумата за надокнада што клубот во кој што оди играчот треба да му ја исплати на клубот што го ослободува.
- Постоење на суспензија или незавршена дисциплинска постапка.

## Член 17

**<u>Играчи под договор.</u>**

**1.** Секој играч што добива надокнада која ги надминува трошковите означени во членот 15 од Правилникот за настап на играчи на РФМ, треба да има писмен

договор со својот клуб. Тој договор треба да биде законски потпишан и да ги дефинира правата и должностите на сите странки во договорот со последниците кои законски ги обврзуваат.

**2.** Важни составни делови на еден таков договор како што е означено во член 17.1. е времетраењето на договорот ( почетокот и крајот ) како и одредбите кои се однесуваат на раскинување на договорот од која и да било страна.

**3.** Клубот и играчот можат да склучат анекс договор во рок од 15 дена по склучувањето на основниот договор со кои ќе ги регулираат посебните меѓусебни права и обврски. Важноста на анекс договорот престанува со датумот на истекување на основниот договор.

**4.** Секој клуб треба да испрати до РФМ список на играчи под договор и копија од договорот за натпреварувачката сезона на 01. Март секоја календарска година. Играчите кој склучиле договор за време на натпреварувачката сезона треба да бидат пријавени во РФМ во рок од 8 (осум) дена од потпишувањето на договорот.

**5.1.** Ако еден играч склучи два или повеќе договори во исто време ( освен во случај на позајмица ) важи законски потпишаниот договор кој прв бил евидентиран во РФМ.

**5.2.** Во таков случај РФМ ќе поведе дисциплинска постапка.

**5.3.** Играч под договор има право да потпише нов договор со нов клуб по истекувањето на договорот со неговиот поранешен клуб и по уплатениот надомест, доколку клубовите поинаку не се договориле или во договорот поинаку не е регулирано.

**5.4.** Играчот не смее да го промени клубот додека му трае договорот. Предвремената промена или прекинување на договорот може да се обави со писмен договор меѓу странките кои го склучиле договорот.

## Член 18

**1.** По истекување на договорот, играчот под договор може да се здобие со право на настап **како играч без договор.**

**2.** Играчот се здобива со статус на играч без договор веднаш по истекот на договорот, и тој статус на играч без договор трае максимум 12 месеци од истекот на последниот договор.

Клубот во кој играчот пристапува, без разлика на новиот статус на играчот (со или без договор), по потпишување на пристапницата - молбата, должен е да плати обештетување на поранешниот клуб износ во висина на одлуката на УО на РФМ.

Доколку клубот не постапи според претходниот став нема да биде извршена регистрација на играчот за новиот клуб.

**3.** Ако поранешниот играч под договор потпише нов договор во период од 36 месеци по завршувањето на договорот, клубот кој последен имал договор со тој играч има право на надокнада согласно одлуката на УО на РФМ.

**4.** Доколку еден играч во иста натпреварувачка сезона премине во друг клуб од Македонија, и во таа сезона направи трансфер во екипа надвор од Македонија, висината на надоместокот и правото на надоместок го одредува и му припаѓа на клубот од каде што играчот претходно преминал во домашната екипа.

**5. Во согласност со правилникот за трансфер на играчи на ЕХФ, играч кој по истекот на договорот преминува во клуб од странство, а е на возраст од 16 - 23 год. неговиот нов клуб должен е да плати обештетување во висина од 2.500 € (двеиљјадиипетстотиниевра) по година во зависност од времето - годините поминати во претходниот клуб. Висината на обештетување за федерацијата е регулирано со правилникот за трансфер на играчи на ЕХФ.**

**Член 19**

**Регистерот на ракометарите ги содржи следните податоци:**

Реден број, датум на уписот, презиме, татково име и име, датум и година на раѓање, место на раѓање, право на настап, прв пат се регистрира, промена на регистрација (членство), датум на бришење во регистерот и дата на издавање на исписница.

**Член 20**

Еден ист ракометар може да биде регистриран само за еден клуб.

**Член 21**

Исклучок од одредбите од став еден од претходниот член ракометари - ки **помлади од 20 години**, со согласност на клубот можат да бидат регистрирани истовремено уште за еден клуб, кој се натпреварува најмалку за еден степен пониско од степенот на натпреварувањето на клубот.

Годината на староста важи на денот на регистрацијата која важи во текот на целата натпреварувачка сезона без разлика дали ракометарот - ка меѓувреме ги надминал предвидените рокови.

На првенствен натпревар со двојна регистрација може да настапат најповеќе два ракометари-ки, а да регистрира најповеќе 4 (четири) ракометари-ки во една натпреварувачка сезона, во смисол на претходниот став, со тоа што клубот-екипата што се натпреварува во повисок ранг на натпреварување е матичен клуб на двојно регистрираниот-ата ракометар-ка, а ракометарот-ката има право да настапува за двата клуба од различен ранг во иста сезона.

Ракометарот-ката за да има право за **двојна регистрација** должен-на е да има писмена согласност од матичниот клуб.

Двојната регистрација на ракометарот-ката има важност само за една натпреварувачка сезона и **регистрацијата се врши само во преоден рок**.

По истекот на секоја сезона двојната регистрација автоматски згасува и ракометарот-ката останува член на матичниот клуб.

### Член 22

По извршената регистрација на ракометарот му се издава членска книшка. Формата и содржината ја пропишува Управниот Одбор на РФМ.

### Член 23

Казнет ракометар и ракометар под суспензија од органи на РФМ, може да биде регистриран за друг клуб, доколку ги исполнува другите останати услови, но без право на настап во домашно првенство и куп натпревари организирани од РФМ додека му тече казната или суспензијата.

### Член 24

Ракометар кој се наоѓа на отслужување на воениот рок може да биде регистриран за друг клуб под услови предвидени во овој Правилник.

### Член 25

Ракометари со странско државјанство и без државјанство со уредни документи можат да се регистрираат за домашен клуб, во согласност со овој Правилник и Правилникот на ИХФ и земјата на страниот државјанин.

За еден клуб може да се регистрираат неограничен број на ракометари странски државјани или лица без државјанство.

## Член 26

**Ракометар кој прв пат се регистрира должен е да ги поднесе следните документи:**

**1.** Своерачно потпишана пријава за регистрација;

**2.** Извод од матична книга на родените;

**3.** Две фотографии со големина 3 х 4 см. не постари од 6 месеци;

**4.** Барање на клубот за регистрација;

**5.** Потпишан договор (образец на РФМ согласно старосна категорија) помеѓу играчот и клубот со утврдени права и обврски на договорните страни.

## Член 27

**Ракометар кој се регистрира за нов клуб (промена на членство) должен е** да **ги поднесе следните документи:**

**1.**Своерачно потпишана пријава за регистрација;

**2.**Барање на клубот за регистрација на ракометарот;

**3.**Членска книшка или изјава зошто не доставува книшка;

**4** .Две фотографии со големина 3 х 4 см. не постари од 6 месеци;

**5.**Исписница од поранешниот клуб со датум за последен настап во клубот или потврда (препис) со кое е барана исписница;

**6.**Потврда за раскинат или престанок на важноста на договорот од поранешниот клуб;

**7.**Потврда за исплатена надокнада - обештетување на поранешниот клуб или согласност за на друг начин регулирана надокнада согласно одлуката на УО на РФМ

**8.**Сертификат на Ракометен сојуз или федерација од странската држава од која се враќа ракометарот, која се бара преку РФМ.

**9.**Потпишан договор помеѓу играчот и новиот клуб.

Доколку надлежниот орган не даде сертификат во рок од 30 дена по поднесеното барање, регистрацијата може да се изврши и без сертификат.

Управниот Одбор на РФМ со својата одлука ја утврдува висината на надоместокот за сертификат на ракометари-ки кои одат во странство во согласност со правилникот на ЕХФ.

**Член 28**

**<u>Одлука за регистрација</u>** донесува надлежниот орган за регистрација во рок од 8 (осум) дена од приемот на барањето (пријава) за регистрација со комплетна документација.
Со денот на регистрација ракометарот станува член на клубот за кој се регистрира со сите права и должности без оглед на правото на настап.

Регистрациониот орган доставува одлука за регистрација на пропишан образец и тоа:

1. на ракометарот;
2. на клубот за кого ракометарот е регистриран;
3. на клубот од каде заминал ракометарот.

<u>Известувањето се врши преку Билтен до сите клубови.</u>

Доколку подносителот на пријавата за регистрација не достави уредна пријава и потребни документи и во определениот рок од 8 дена тоа не го стори, регистрациониот орган ќе донесе одлука врз основа на приложените документи.

**Член 29**

Регистрациониот орган е должен постапката за регистрирање на ракометари да ја води уредно и точно во рамките на пропишаните рокови.

По спроведената постапка за регистрација на играчите во преодниот рок, регистрациониот орган е должен да достави список на регистрирани ракометари преку Билтенот, зависно од степенот на натпреварувањето во рок од 8 (осум) дена од последниот ден на преодниот рок.

**Жалба** против одлуката на Регистрационата комисија на РФМ се поднесува во рок од 8 дена до Арбитражната комисија на РФМ чија што одлука е конечна.

**Член 30**

Меѓусебните права и обврски на ракометарите и клубовите се регулираат со договор.
**Договорот се склучува за период најмалку од 6 (шест) месеци.** Склучените договори се во важност се до истекувањето на рокот до кој се склучени.

Играчот и клубот можат да се договорат да го раскинат договорот и пред истекот на рокот. Еден примерок од договорот задолжително да се достави до надлежниот натпреварувачки орган.

Управниот Одбор на РФМ пред утврдување на преодниот рок ја одредува таксата за регистрација на ракометари со странско државјанство.

**Член 31**

Клубот може да заклучи договори со неограничен број на играчи.

Прв договор ракометарот може да заклучи со наврешени 16 години, а не полнолетен ракометар може да заклучи договор само во согласност од родителот или овластен застапник од неговиот родител.

Доколку дојде до спор помеѓу ракометарот и клубот во поглед на извршувањето на обврските и правата од договорот ракометарот-клубот можат да побараат раскинување на договорот.

Барање за раскин на договор, ракометарот-ката доставува до клубот од кои бара раскин на договорот и друго барање со заверена копија од испратеното барањедо клубот поднесува до органот за регистрација на РФМ со доказ - известие од барањето до клубот како препорачана пратка или лично со заверка од клубот.

Сите дејствија превземени од страна на клубот по поднесување на барањето за раскин на договорот (уплати, суспензии, казни и сл.), не предизвикуваат правно дејство и нема да се земаат во обзир при разгледување и решавање на поднесеното барање од страна на надлежните органи на РФМ.

За раскинување на договорот одлучува органот за регистрација на РФМ во рок од 15 дена. По одлуката на тој орган може да се приложи жалба во рок од 8 дена до **Арбитражната комисија со приложена потврда за уплата од 20.000,00 денари** на **име такса за жалба, која такса е неповратна.** Без приложен доказ за извршена уплата на таксата, жалбата нема да се разгледува.

До колку во рок од 8 дена жалителот не достави доказ за извршена уплата на таксата, ќе се смета дека жалбата е повлечена. **Подносителот на жалбата е должен кон жалбата да ги приложИ сите докази со кои ги поткрепува жалбените наводи.**

Арбитражната комисија донесува одлука во рок од 30 дена од приемот на жалбата која одлука е конечна. Доколку ракометарот во согласност со овој член добие раскин на договорот, може да се регистрира за нов клуб во рок од 8 дена. Правото на настап го

одобрува надлежниот орган за спроведување на натпревари, Раскин на договор на штета на клубот играчот може да бара ако не се исполнети условите од договорот, најмалку за период од 2 месеци во континуитет или 4 месеци во годината.

**Член 32**

Под условите од овој Правилник ракометар - ка може да премине од еден во друг клуб, а со тоа право на настап да стекне во преодниот рок. **Преодниот рок почнува на 01. 07. и трае за мажи до 31.01., а за жени до 28. 02. во тековната натпреварувачка сезона,** согласно Правилникот за трансфер на играчи на ЕХФ

(**Пример:**за сезона 2004/05 за мажи до 31.01.2005, а за жени до 28.02.2005 год.)

Во преодниот рок еден ракометар-ка може да премине од клуб во клуб најмногу 2 (два) пати со валидна испусница, завршен договор, договор - спогодба за отстапување на играч од клуб во клуб, со статус играч без договор и исполнети сите услови предвидени во член 27 од овој правилник. **Право на настап стекнува во рок од 8 дена од денот на поднесување на пријавата.**

**Член 33**

Кога ракометарот одлучува да го промени клубот, поднесува барање за испусница до клубот. По приемот на барањето за испусница, клубот е должен да донесе одлука по барањето во рок од 8 дена по приемот на барањето. Доколку во рок од 30 дена клубот не одговори на барањето за испусница ќе се смета дека клубот е согласен да даде испусница.

Во таков случај ракометарот е должен да достави потврдата за препорачана пратка или заверен примерок од архивата на клубот до надлежниот орган на РФМ. Играчот може да го повлече барањето за испусница во колку се предомисли во рок, во кој клубот бил должен да одлучи по негово барање.

**Член 34**

Кога клубот ќе се согласи по барањето на ракометарот за издавање на испусница му издава испусница со следнава содржина: лични податоци на играчот, број и дата на издавање на членска книшка, дата за последен настап на играчот на првенствени и куп натпревари и дали играчот се наоѓа под суспензија или казна со образложение за истите.

**Член 35**

Клубот може да одбие издавање на исписница и за одбивањето е должен да даде образложение.

Доколку клубот во време на траењето на договорот издаде исписница со назначување на клубот во кој што играчот сака да премине, таа исписница важи само за тој клуб.

**Член 36**

**<u>Статус на играч со исписница има:</u>**

1.Ракометар на кој му завршил договорот, а ги измирил обврските ( финансиски надоместок - обештетување и сите други обврски) кон поранешниот клуб од Република Македонија, согласно одлуката на УО на РФМ;

2.Ракометар кој што спогодбено ќе го раскине договорот со клубот;

3.Ракометар што добил раскин на договор во смисол на член 27 од овој Правилник;

4.Ракометар за кој не е платен надоместокот според правилникот на РФМ, а не настапувал за клубот најмалку 12 месеци од денот на истекот на последниот договор.

5.Ракометар чиј клуб е расформиран.

6.Ракометар кој поради откажување во редовно натпреварување по вина на клубот или губење на статусот на клубот поради неодигрување на одреден број првенствени натпревари согласно пропозициите за натпреварување и испаѓање на клубот во најнискиот ранг на натпреварување.

**Член 37**

Клубот од кој ракометарот си оди по завршувањето на договорот, има право на надомест во согласност со одлуките на РФМ, доколку во договорот поинаку не е регулирано или доколку клубовите меѓусебно не се договориле. Ова се однесува за ракометари кои преоѓаат од еден во друг клуб во Републиката, а имале статус на играч со договор.

Играч кој настапува за клуб без договор може во секое време да го напушти клубот без обесштетување и може да се регистрира за било кој клуб само во преодниот рок. Ова се однесува за ракометари - ки кои преминуваат од еден во друг клуб во Републиката.

Критериумите и мерилата за утврдување на висината на надокнадата за ракометарите во клубовите кои се натпреваруваат во

републичките ракометни лиги, со посебен акт ги донесува Управниот Одбор на РФМ.

За ракометари-ки што заминуваат во странство правото за надокнада на клубовите е регулирано со Правилникот за меѓународен трансфер на ЕХФ.

Висината на надоместокот за ракометарите на кои склучените договори не се истекнати, се утврдува меѓусебно меѓу клубовите.

**Член 38**

Одлука за висина на надоместокот врз основа на критериумите и мерилата, а по прибавените податоци од клубовите и другите надлежни органи и организации, се донесува до 01.Јуни во тековната година.

**Член 39**

Ракометарот стекнува право да настапува на првенствени и куп натпревари веднаш по регистрација и објавувањето на Службениот билтен на РФМ кој задолжително се доставува до сите клубови.

Правото на настапување го одредува органот за спроведување на натпревари при РФМ, а го потврдува со издавањето на лиценца. Рокот за издавање лиценца го одредува органот од претходниот став.

**Член 40**

Ракометарот нема право да настапува на првенствени и куп натпревари во Република Македонија, за времето додека му тече казната, забрана на играње или суспензија која му е изречена од надлежната дисциплинска комисија на РФМ или ЕХФ, клубот чиј играч бил, како и до исплатата на надоместокот на играчите кои го промениле клубот согласно одлуката на УО на РФМ за надоместок -обештетување, доколку клубовите меѓусебно не се договориле поинаку.

Играч казнет од страна на клубот, може да се жали до Арбитражната комисија при РФМ.

Ракометар-војник додека е на отслужување на воениот рок, може да настапува за својот клуб, во колку добие дозвола ( потврда ) од својата единица каде е на служба. Истата е должен да ја презентира на делегатот на натпреварот.

**Член 41**

**Против одлуката на регистрација на ракометари може да се приложи жалба.**

Жалба можат да поднесат заинтересираниот ракометар, клубот и други заинтересирани клубови. Жалба се поднесува во рок од 8 дена од денот на примањето на одлуката или објавувањето во Билтен.

Жалба се поднесува до Арбитражната комисија на РФМ. Органот од претходниот став е должен во рок од 30 дена по приемот на жалбата да одлучи и неговата одлука е конечна.

**Член 42**

**Клубот во преодниот рок може свој ракометар под договор да отстапи на друг клуб.** За отстапувањето на ракометарот се склучува спогодба помеѓу клубот и ракометарот. Спогодбата се склучува во 5 (пет) примероци од кои по еден на клубовите, ракометарот, а два за органот за регистрација на РФМ.

Врз основа на спогодбата отстапениот ракометар станува привремен член на клубот што е отстапен. Неговото привремено членство автоматски престанува со истекот на рокот на кој што е отстапен, па ракометарот без повторна регистрација има право да настапува за клубот што го отстапил.

**Член 43**

**Регистер на ракометна организација ќе води РФМ со следните податоци:**

1. Реден број;
2. Датум на упишување;
3. Назив на ракометната организација;
4. Седиште и адреса;
5. Датум на основањето;
6. Степен на натпреварувањето;
7. Статутарна промена.

**Член 44**

Регистрационите органи се должни регистрационите книги да ги водат хронолошки, согласно нормативните акти и законски прописи. Целокупната документација во надлежност на органот за

регистрација се регистрира во деловодната книга за прием на документи на органот за регистрација.

**Член 45**

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите ракометни клубови и службени лица во сите степени на натпреварување во Република Македонија.

**Член 46**

Толкување на овој Правилник дава Управниот Одбор на РФМ.

Се што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од Правилникот на ЕХФ за трансфер.

**Член 47**

**Одредбата на член 18 точка 3 се применува на играчите кои имале статус на играч без договор пред влегувањето на сила на овој Правилник.**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот
донесен во Скопје, на 16.09.2003 година.

Ракометна Федерација на Македонија
Претседател
Трифун Костовски